# Упатство за кандидирање за изборите за Факултетското студентско собрание при Факултетот за електротехника и информациски технологии

Почитувани колеги, ова упатство треба да укаже на сите правила и прописи дефинирани во Статутот на Факултетското студентско собрание при Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) (во понатамошниот текст ФСС - ФЕИТ) и изборниот Правилник, а се однесуваат на изборите и изборниот процес за ФСС-ФЕИТ.

Правилникот е поделен на два дела. Првиот дел се однесува на процесот за кандидирање и гласање на кандидатите за членови на ФСС-ФЕИТ. Вториот дел се однесува на постапката за кандидирање и гласање за претседател на ФСС-ФЕИТ.

ФСС - ФЕИТ се надева дека ова упатство ќе им биде од помош на сите заинтересирани студенти коишто имаат желба да станат дел од ФСС - ФЕИТ и да продолжат да ги застапуваат интересите и да се борат за правата и потребите на студентите на нашиот Факултет.

Дополнително, членовите на ФСС-ФЕИТ во целост стојат на располагање во предизборниот период да одговорат на сите прашања поврзани со должностите, правата, обврските и надлежностите на членовите и на претседателот на ФСС, како и да одговорат и да ги разјаснат сите потенцијални дилеми поврзани со изборниот процес.

Со почит,
Факултетско студентско собрание при ФЕИТ

## 1 дел:

**Факултетско студентско собрание**

**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Правила и норми за кандидирање на студенти за членови на ФСС - ФЕИТ*:*

Според член 17 од Статутот на ФСС-ФЕИТ изборите за членови и претседател на ФСС-ФЕИТ ги распишува Деканот на ФЕИТ. Изборите мора да се оддржат најдоцна 30 дена откако ќе бидат распишани.

Според член 19 од Статутот на ФСС-ФЕИТ, на изборите за членови во ФСС - ФЕИТ студентите може да се кандидираат на формални студентски собири. Изборната комисија на ФЕИТ ќе оддржи 4 студентски собира за студентите од додипломски студии и по еден собир за студентите од постдипломски студии (втор и трет циклус). За изборите во 2024 година, собирите ќе бидат виртуелни и ќе се оддржат преку ZOOM платформата. Согласно член 3 од Одлуката за распишување на изборите за претседател и членови на ФСС на ФЕИТ (во понатамошните текст: Одлука за распишување на избори), собирите ќе се оддржат најдоцна 10 дена пред датумот предвиден за оддржување на изборите. На студентските собири, секој студент може да се пријави самостојно или да биде пријавен од страна на некој друг редовен студент на ФЕИТ. Во вториот случај, Изборната комисија ќе ги повика присутните да се изјаснат дали ја поддржуваат кандидатурата на студентот.

Само студенти што се редовно запишани во зимски семестар во учебната 2024/25 година на Факултетот може да се кандидираат за членови на ФСС - ФЕИТ.

Според членот 16 од стаутот на ФСС - ФЕИТ има 15 членовии и тоа по години:

- 3 студенти од прва година,
- 3 студенти од втора година,
- 4 студенти од трета година,
- 4 студенти од четврта година ,
- 1 студент од втор или трет циклус.

Доколку од некоја од годините од прв циклус студии има помалку пријавени кандидати од утврдениот број, празните места се пополнуваат со неизбраните кандидати коишто имаат најголем број на гласови, без разлика на годината на студирање.

**Мандатите на членовите на ФСС-ФЕИТ се во време траење од една година.**

Поделбата на студентите на ФЕИТ по години, за изборите на ФСС се врши согласно бројот на освоени ЕКТС кредити. Еден студент може да се кандидира само во студиската година за којашто тој има доволно кредити.

Изборите во 2024 година ќе се оддржат преку електронска платформа којашто гарантира непосредност, безбедност, тајност и доверливост на гласачкиот процес. Дополнително ќе биде изработено и доставено упатство за техничките услови што треба да бидат исполнети за да може да се гласа.

Го охрабруваме секој студент да го искористи своето право на глас на изборите на ФСС. Изборите му овозможуваат на секој студент да избере претставник во кој има доверба и за кој смета дека најдобро ќе ги застапува студентските интереси. Учествувајќи во изборниот процес, студентите можат да влијаат во работата на ФСС, чија должност е да ги претставува студентските интереси во рамки на Факултетот и Универзитетот.

За време на изборите, студентите на ФЕИТ гласаат за претставници од сите години т.е се гласа за студенти од прва до четврта студиска година од додипломски студии како и за студентите од магистерски и докторски студии.

## 2 дел:

Правила и норми за кандидирање за функцијата претседател на ФСС - ФЕИТ

Според член 28 од Статутот на ФСС - ФЕИТ изборот на претседател на ФСС - ФЕИТ се врши во исто време кога се избираат и членовите на ФСС.

За претседател на ФСС - ФЕИТ може да се кандидира редовен студент кој запишал зимски семестар во учебната 2024/25 и ги положил сите предмети заклучно со трет семестар.

Согласно член 29 од Статутот на ФСС - ФЕИТ и членот 6 од Одлуката за распишување на изборите за ФСС - ФЕИТ секој студент што ќе се кандидира за претседател на ФСС - ФЕИТ мора да достави доказ дека има поддршка од 50 студенти за неговата кандидатура до Архивата на Факултетот. Потписите за поддршка на кандидатурата за претседател се собираат физички. Поддршката за кандидатурата на претседателот може да се искаже и преку доставување на изјава за подрршка од страна на студентите преку официјалната е-пошта на студентот до официјалната е-пошта на Изборната комисија за изборите на ФСС-ФЕИТ.

Кандидатурата (писмена пријава) заедно со потписите за поддршка од студентите се поднесуваат најдоцна до 29 ноември 2024 до Изборната комисија преку студентската архива на Факултетот.

**НАПОМЕНА: Поддршка ќе се смета т.е. ќе бидат уважена само онаа која е од студенти што се редовно запишани во зимскиот семестар во учебната 2023/24 година на ФЕИТ.**